Адвокатска Канцеларија Ма[illegible] Прилеп тел. 078 453 703
[illegible] advmarjannikolovski@yahoo.com [illegible]

**ДО**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

**СЕКТОР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ БИТОЛА**

**ПОЛИЦИСКА СТАНИЦА**

**П Р И Л Е П**

# К Р И В И Ч Н А   П Р И Ј А В А

Од Социјалдемократскиот Сојуз – општинска организација Прилеп, преку полномошникот адвокат Марјан Николовски од Прилеп

**ПРОТИВ**: Градоначалникот на Општина Прилеп МАРЈАН РИСТЕСКИ и НН лица

**ЗАТОА ШТО**:Постојат основи на сомнение да во временскиот период 2013,2014 и 2015г. во својство на службено лице – Градоначалник на Општина Прилеп, искористувајќи ја својата службена положба и овластување, со пречекорување на границите на своето службено овластување, му причинил значителна штета на основниот буџет (630) и (637) на Општина Прилеп , на начин што:

- Во текот на 2015 г. од буџетот на Општина Прилеп исплатени се 5.785.000,оо денари на три средни училишта во Прилеп, без претходно да се донесе Програма за изградба и реконструкција на други објекти во средно образованиево која ќе се утврди на кои училишта , за која намена, во кој износ и по кои критериуми ќе се исплаќаат средствата, кое нешто е спротицвно на Законот за локална самоуправа и Статутот на Општината

- На ден 31.03.2013г. склучен е договор за надомест на уредување на градежно земјиште на одложено плаќање за изградба на стамбена зграда со деловен простор на ул.„Борка Талески“ во Прилеп , а во склучениот договор стои дека инвеститорот треба да плати 3.494.000,оо денари , и тоа 1.700.000,оо одма , а остатокот од 1.794.000,оо денари на 11 месечни еднакви рати , односно до 20.12.2013г. Инвеститорот остатокот од 1.794.000,оо денари го исплатил на ден 01.04.2016г. што значи 2 и повеќе години од договорената обврска , а осомничениот не покренал постапка за раскин на договорот или за наплата на парите, со што и го пореметил планираниот буџет за таа година по основ на очекувани приливи.
- Во текот на 2015г. во сметководствената евиденција на Општината стои дека има побарување во вкупен износ од 189.379.000,оо денари , а со увидот во евиденцијата се пронајдени вкупни побарувања од 99.914.000,оо денари , што значи се давани невистинити податоци во завршните сметки.
- Имотот сопственост на Општината од страна на осомничениот со полиса за осигурување е осигуран од штети и тоа од 17.07.2014г. до 17.07.2015г. и полиса од 07.10.2016г. до 07.10.2017г. што значи дека во периодот од 18.07.2015г. до 06.10.2016г. имотот не бил осигурен , а осомничениот бил должен тоа да го стори
- За вработените лица во Општината осомничениот бил должен да донесе акт за утврдување на коефициентот за сложеноста на работните места , по кој акт ќе се пресметуваат и платите , но во одсуство на ваков акт , истиот делел плати како сакал и колку сакал спротивно на ЗРО , ЗЛС и Општиот колективен договор.
- Од благајната се подигале парични средства за патни и дневни трошоци , без при тоа да се води соодветна евиденција кој износ за што се подига , за кои потреби и за кое лице
- Во текот на 2015г. врз основа на склучени договори исплатени се вкупно 78.950.000,оо денари , без во договорите да стои обврска и утврден рок за завршување на работата.
- Во текот на 2015г. набавени се 42.695 литри нафта за греење во вредност од 1.525.000,оо денари , без да се води евиденција за прием на горивото ,и залихата што останувала и без да се изврши попис на крајот од годината
-

- Гориво за службените возла во 2015г. е набавено во вредност од 2.747.000,оо денари , а не се изготвувале налози за патување , не се евидентирале возилата во кои се става гориво , за кое патување се става горивото.
- Во текот на 2015г. константно биле вработувани во просек 17-18 лица преку агенцијата за привремени вработувања и за кои се исплатени 5.068.000,оо денари, а при тоа не се вработувале како привремена замена за отсутен работник, сезонска работа или др. Туку за вршење на редовни работни задачи , кое нешто е спротивно на Законот за агенциите за привремени вработувања.
- Во текот на 2015г. , без да се има усвоено годишни програми и планови за распределба на средства за здруженија и фондации , осомничениот на повеќе здруженија префрлил 7.521.000,оо денари
- Во 2015г. исплатени се 580.000,оо денари како помош за социјално загрозени лица без да има донесено и усвоено програма за таква помош
- Без донесена програма за субвенционирање на ЈП , во текот на 2015г. осомничениот префрлил 10.268.000,оо денари на ЈП ПУП
- Во 2015г. исплатени се 8.500.000,оо денари за изработка на проекти од областа на јавнопто осветлување , а врз основа на договори склучени во 2013 и 2014 година, со што од буџетот за 2015г. се исплаќани обврски за претходните две години
- За уредување на плоштадот Методија Андонов Ченто 2 фаза , неосновано и без донесена програма за тоа ,исплатил 2.488.000,оо денари, а потоа е извршена целосна демонтажа на опремата и е вратена на инвеститорот.
- Без донесена програма за култура и усвоена од Советот , во 2015г. за подигање на скулптурата Крали Марко неосновано исплатил 11.266.000,оо денари и за културни манифестации 9.909.000,оо денари( пиво фест. Џез фестивал и др.)
- За превоз на вработените од Општината со Градскиот превоз и тоа 70 карти дневно за 2015 година , на ЈП ПУП исплатил 960.000,оо денари спротивно на Законот за административни службеници
- Без јавна набавка во 2015г. исплатил вкупно 2.087.000,оо денари на име стоки и услуги( авиопнски билети , дресови , знамиња и др.)
-
-

Адвокатско Канцеларија
adymarjannikolovski@yahoo.com

- За скулптурата Крали Марко чија проценета вредност е 4.000.000,оо денари исплатил уште 4.100.000,оо денари или 100% повеќе од предвиденото и без донесена програма за култура и усвоена од советот .
- Превозот на ученици до училиштата е исплатен без спроведена постапка за јавни набавки и исплатени се 37.483.000,оо денари

Како доказ Ви прилагаме два ревизорски извештаи за користење на двете буџетски сметки

Предвид на горе изнесеното постојат основи на сомнение да осомничениот во критичниот временски период , крајно несовесно , тенденциозно и на особено безобзирен начин располагал со средствата од буџетот на Општина Прилеп, со пречекорување на неговите овластувања и со искористување на неговата положба , па причинил значителна материјална штета , поради што предлагаме да спроведете постапка согласно одредбите од ЗКП за откривање на ова ктривично дело и неговите сторители, бидејќи постојат основи на сомнение дека делата не ги извршил сам , односно биле повеќе соизвршители

Прилеп 25.08.2017г.

Адвокат